ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 15-154/11**

**Дата:** 22.12.2011

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Охрид на сметката за основниот буџет (603) за 2010 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Охрид за 2006 година и изразено е позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Охрид делумно презел мерки за дадените препораки.

За финансискиот извештај (биланс на приходи и расходи) на Основен суд Охрид за 2010 година изразивме позитивно мислење, за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба негативно мислење а мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатирано е дека Основен суд Охрид нема воспоставено интерни контроли во процесот на јавните набавки како и во процесот на набавки и плаќања. Отсуството на интерни контроли во процесот на плаќање резултираше со ризик од погрешни плаќања на име надомест за судски поротници. Констатирани се недоследности во делот на обезбедување на уредна и веродостојна документација за потврдување на евидентираните материјални средства како и во начинот на евидентирање и издавање на залихите на материјали.
Пописната комисија не преземала активности за целосен и квалитетен попис на средства и обврските. Исто така констатирани се недоследности во процесот на доделување на договорите за јавни набавки.

Раководителот на субјектот потребно е да преземе активности во насока на надминување на утврдените состојби.

Утврдени се системски слабости во делот на:

- непостоење на законска регулатива која го дефинира надоместокот што треба да им се додели на судските преведувачи и вештаци за извршената работа;
- отсуство на конкретно законско решение за утврдување на платите на вработените во Судот кои вршат технички и помошни работи и
- неусогласеност на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија со Законот за работни односи, со што е оневозможено и усогласување на гранските колективни договори и колективните договори на ниво на работодавач, вклучувајќи го и Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија.

Во насока на обезбедување на нормално функционирање на судската власт извршивме нагласување на прашањата за неизвесност во делот на необезбедување на потребни средства за финансирање на судската власт што влијае на условите за извршување на надлежностите на Судот и доведува до состојба раководителот на субјектот да презема обврски надвор од одобрените средства со финансискиот план.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 19 до 21 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (603) на Основен суд Охрид, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2010 година, преглед на промените на изворите на деловните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2006 година на Основен суд Охрид и е изразено позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Владо Дејаноски, претседател на Основен суд Охрид од 13.12. 2007 и
- Борче Мирчески, судски администратор во Основен суд Охрид од 01.01.2009 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Основен суд Охрид се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени

проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06.06.2011 до 15.07.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата за 2006 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2006 година. Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека Основен суд Охрид делумно презел мерки за дадените препораки (Преглед II).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Основен суд Охрид – предмет на ревизија, одржан на ден 21 јули 2011 година.
Законскиот застапник не достави забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на јавни набавки, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат законитост и ефикасност во спроведувањето на постапките за јавни набавки и следењето на нивната реализација и тоа:

- не постојат пишани процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности на вработените вклучени во процесот на јавни набавки;

- во одлуката за јавна набавка не се врши определување на лица или организациски облик за вршење на работите поврзани со подготовка и спроведување на постапките за доделување на договорите за јавна набавка и реализација на истите;

- не е воспоставена соодветна евиденција и следење на реализацијата на склучените договори за јавна набавка;

- не се врши следење на месечно ниво на набавките до 500 евра во денарска противвредност без ДДВ.

Непостоењето на интерни контроли во процесот на јавните набавки создава ризик од несоодветно користење на буџетските средства.

Во текот на 2010 година во Основниот суд Охрид извршена е ревизија на регуларност и функционирање на интерните контроли во процесот на јавните набавки за 2009 година од страна на внатрешната ревизија при Судскиот совет на Република Македонија. Со извршената ревизија констатирани се определени неправилности и недоследности во примената на законската регулатива од обласата на јавните набавки и даден е Акционен план за спроведување на препораките. Во текот на 2011 година Основниот суд Охрид во одлуките за јавна набавка врши определување на лицата задолжени за спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе мерки за пропишување на процедури за начинот на спроведување на јавните набавки и воспоставување на контроли за следење на начинот на спроведување и реализација на јавните набавки.

4.1.2. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на набавки и плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од некомплетност, ненавременост и погрешни плаќања по основ на примената финансиска документација. Причината за овие ризици произлегува од отсуството на пишани процедури со јасно дефинирани и разграничени контролни постапки, со дефинирани надлежности и одговорности на вработените во судот, што е спротивно на одредбите од член 7 и член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Со извршената ревизија на наведениот процес ревизијата констатира:

- не е воспоставена пракса за водење на деловодник за прием на документи и нивно заведување со доделување на архивски број ниту интерна доставна книга со практикување на потпишување од страна на одговорното лице кое е задолжено за постапување по соодветниот документ и потврдување од негова страна за приемот на наведениот документ, што не е во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење;
- не е обезбедено хронолошко и ажурно евидентирање на влезните фактури во книгата за влезни фактури односно нивното евидентирање се врши по нивното плаќање;
- воспоставена е пракса за дел од влезните фактури (набавка на материјали; резервни делови; сервисирање на опрема итн) да не се врши потврдување/верификација на истите од раководителот на субјектот

или друго лице овластено за преземање на финансиски обврски;
- влезните фактури не се приложуваат кон налогот за книжење со кој треба да се создаде обврската за плаќање односно истите се одложуваат надвор од деловните книги и се приложуваат во деловните книги во моментот на нивното плаќање.

Погоре наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и создава ризик од несоодветно постапување на документите што претставуваат основ за евидентирање на трансакциите во деловните книги и веродостојност и точност на презентираните податоци во финансиските извештаи.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да воспостави систем на внатрешна контрола дефинирана со пишани процедури, со јасно утврдени и разграничени контролни постапки, надлежности и одговорности на вработените во Судот и да осигури нивна примена.

Раководителот на субјектот да го задолжи одговорниот сметководител да обезбеди навремено, хронолошко и точно евидентирање на влезните документи (фактури) во деловните книги.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Поради невоспоставените интерни контроли ревизијата утврди дека повеќе од законски дозволеното, се исплатени средства на име надомест на судии поротници. Исплатата на овој надоместок во 2010 година била утврдена како процентуален износ од висината на дневницата за патување во земјата, регулирана со Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2010 година. Во судот, овој надоместок е пресметан и исплатен на дневница од 800 денари наместо од 500 денари.

Причината за утврдената состојба е отсуството на пишани процедури со јасно дефинирани и разграничени контролни постапки, со дефинирани надлежности и одговорности на вработените во судот, што не е во согласност со одредбите од член 7 и член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Отсуството од интерни контроли претставува ризик од можни грешки и ненаменско трошење на буџетски средства.

Со донесување на Правилникот за надоместоците на судиите поротници утврдената состојба е напуштена поради што ревизијата не дава препорака.

4.2.2. Во рамките на проектот за модернизација на судството во Македонија добиен и имплементиран е софтвер за "Автоматизиран буџетски менаџмент систем (АБМС)" за сите единки корисници на Судскиот буџет. Системот е

составен од повеќе модули: финансиско работење; буџетско работење; основни средства и пресметка на плата, магацинско и материјално работење и персонална евиденција. Со извршената ревизија на начинот на користење на наведените модули во Основен суд Охрид, ревизијата констатира дека не се користат модулите за основни средства и магацинско и материјално работење. Причина за ваквата состојба е недоволна обученост на постојните човечки ресурси за користење на наведениот софтвер и ограничениот број на лица информатичари задолжени за непречено функционирање на софтверот. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на склучениот Меморандум за разбирање со проектот за модернизација на судството во Македонија и Стручната служба на Судскиот буџетски совет на Република Македонија и создава ризик од грешки и неправилно интерпретирање на податоците.

**Препорака**

Раководителот на субјектот во соработка со Судскиот буџетски совет да обезбеди едукација на вработените корисници на софтверот и целосна имплементација на апликативниот софтвер во водењето на деловните книги.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Во деловните книги во известувачкиот период на позицијата градежни објекти искажани се средства чија пазарна вредност (утврдена од страна на надлежната комисија на единицата на локалната самоуправа) изнесува 49.413 илјади денари. Вкупната површина на наведената зграда по Записник за утврдување на пазарната вредност на недвижностите изнесува 2.541 $м^2$. Со извршениот увид на расположливата документација, ревизијата констатира дека од наведената површина извршено е упишување на правото на трајно користење на имотот во надлежната агенција, површина од 992 $м^2$ (приземје и подрум), за површината од 1.322 $м^2$ (прв, втор и трет кат) не е извршено упишување на правото на користење поради неизложеност на објектот а за површината од 227 $м^2$ отсуствуваат веродостојни податоци.

Наведената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за катастар на недвижности и Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и предизвикува неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на искажаните податоци во Билансот на состојба.

Во текот на 2011 година Судот се обратил до надлежната Агенција, но до денот на известувањето од извршената ревизија, утврдената состојба не е надмината.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да продолжи со преземените активности за упишување на правото на користење на имотот во надлежната Агенција.

4.3.2. На позицијата залихи во деловните книги на крајот од известувачкиот период искажани се средства со вредност во износ од 430 илјади денари. Со извршениот увид на расположливата документација за искажување на вредноста на залихите, ревизијата констатира:

- не е воспоставена правилна и редовна сметководствена евиденција (материјална и финансиска) на залихата и трошењето на материјалите од магацинот на Судот со искажување на промените преку соодветните сметки од класата 3-Залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар и класата 9- Извори на средства и вонбилансна евиденција;
- за извршениот прием и издавање на материјалите не се изготвува соодветен документ за задолжување и раздолжување (приемница, требување, испратница);
- искажаната состојба на залихите на материјалите во билансот на состојбата на 31 декември е утврдена врз основа на податоци за количинската состојба на залихите презентирани од страна на одговорното лице на магацинот, кои се запишани во пописните листи за материјалите по што е пресметана нивната вредност врз основа на внесени набавни цени од страна на сметководителот.

Причина за ваквите состојби е невоспоставена процедура за управување и сметководствена политика за евидентирање на залихите на материјалите и недоволна обученост на лицата задолжени за ракување со материјалите и нивно евидентирање. Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, не овозможува согледување на состојбата и движењето на залихите и нејзиното реално и објективно искажување во финансиските извештаи и создава можност за неконтролирано располагање и неефикасно користење на набавените материјали и ситен инвентар.

**Препорака**

Одговорното лице да донесе процедури за управување со залихите и пропише сметководствени политики за прием, издавање, евидентирање и искажување на набавените материјали во сметководствената евиденција согласно законската регулатива и обезбеди нивна целосна имплементација.

4.3.3. Од извршениот увид во расположливата документација од спроведениот попис на средствата и изворите на средства за 2010 година, ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- пописните листи за основните средства и инвентарот не содржат парични вредности, не се потпишани од членовите на пописната комисија, за дел од средствата не се наведени инвентарни броеви;
- пописните листи за залихата на материјалите во магацинот на Судот не се потпишани од членовите на пописната комисија, содржат ставки за материјали без искажана количина, не содржат шифри на артикли;
- во Извештајот од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2010 година, пописната комисија известува дека не се утврдени разлики по попис иако не е изготвен рекапитулар за извршено усогласување на фактичката состојба на средствата утврдена со пописот со финансиската евиденција;
- пописната комисија не извршила попис на обврските и усогласување на сметководствената со фактичката вредност.

Причина за ваквата состојба е невоспоставена процедура за вршење на пописот, невоспоставена материјална евиденција за залихите на материјали, неспоредливост на податоците од пописните листи со податоците од материјалната евиденција за основните средства поради застарени или нецелосни податоци за видот и количината на основните средства, како и недостаток на инвентарни броеви за дел од средствата, што објективно ја отежнала постапката за квалитетно завршување на работата на пописната комисија. Поради неизвршен попис согласно законската регулатива, ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста и објективноста на материјалните средства во износ од 10.163 илјади денари и залиха на материјали во износ од 430 илјади денари искажани во билансот на состојба на ден 31 декември 2010 година.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе активности за воспоставување процедури за управување и попис на средствата и обезбеди правилно и целосно спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата.

### 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. Со извршената ревизија на начинот на спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди дека од страна на Комисијата за јавни набавки спроведени се 7 постапки за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање понуди без објавување на оглас и со објавување на оглас, чија реализација во 2010 година изнесува 2.171 илјади денари (Прилог број 1). При спроведување на овие постапки ревизијата ги констатира следните состојби и тоа:

- годишниот план за јавни набавки за 2010 година нема датум и деловоден штембил поради што не може да се утврди дали истиот е донесен во

законски утврдениот рок, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки;

- не се преземени активности за истражување на пазарот и реално проценување на вредноста на планираните набавки, поради тоа што не секогаш степенот на извршување на договорите за јавни набавки кореспондира со вредноста на склучените договори;
- не се врши потпишување на изјава за непостоење на конфликт на интереси од страна на членовите на комисијата за јавна набавка што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки;
- не се изготвува поедноставена тендерска документација која треба да содржи податоци за техничките спецификации на предметот на договорот за јавна набавка, информации за начинот на подготовка и рокот за поднесување на понудите, како и документите кои треба да ги достави економскиот оператор, чија понуда е избрана за најповолна со цел потврдување на неговата способност, што не е во согласност со член 101 од Законот за јавни набавки;
- во одлуките за спроведување на јавни набавки не се определува количината на предметот на набавка, што не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки;
- во постапките со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас до 20.000 евра и во постапките со барање на понуди без објавување на оглас до 5.000 евра во склучените договори за јавни набавки, не се утврдени количините кои треба да се набават а вкупната вредност на склучените договори е изразена во евра без вклучен ДДВ, што не е во согласност со Правилникот за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки;
- по спроведените постапки за јавна набавка на компатибилни тонери за печатари, фотокопирна хартија и печатен материјал и обвивки на списи и пликови, доделени се договори за јавна набавка на повеќе економски оператори за пооделни видови материјали, при што сите договори се склучени на вредност до 5.000 евра без вклучен ДДВ во денарска противвредност, што не е во согласност со Правилникот за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки.

Не се спроведени постапки за јавна набавка во вкупен износ од 929 илјади денари (Прилог број 2), а кои се однесуваат на набавка на извршени услуги за ангажирани работници преку агенција за привремено вработување, телекомуникациски услуги - фиксна и мобилна телефонија, набавка на резервни делови и услуги за сервис и одржување на компјутерска опрема, фоткопирни апарати и службени возила, набавка на канцелариски материјали.

Погоре утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за јавните набавки.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

Во спроведувањето на постапките за јавни набавки за 2011 година, одговорните лица во Судот преземале мерки за спроведување на дел од дадените препораки од внатрешниот ревизор односно во одлуките за јавна набавка освен предметот (видот) на набавката се утврдуваат и количините на набавката, во склучените договори за јавни набавки се наведуваат поединечните цени и количини и вкупната договорена вредност на набавката.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе активности за надминување на утврдените состојби и обезбедување законско постапување при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки во согласност со Законот за јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од утврдените состојби предизвикува отсуство на уреден и веродостоен документ за потврдување на искажаната вредност на материјалните средства; несоодветно водење на залихите на материјали и нивниот потрошок; недоследности во начинот на извршување на пописот и слабости во процесот на јавните набавки кое резултираше со давање на негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај – биланс на состојба.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3.1.; 4.3.2. и 4.3.3. финансискиот извештај – биланс на состојба не ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Основен суд Охрид на ден 31 декември 2010 година.

Според наше мислење, финансискиот извештај - биланс на приходи и расходи за 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината се вистинито и објективно искажани, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2.; 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи на Основен суд Охрид, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Постојната законска регулатива не дефинира колкав надомест треба да им се додели на судските преведувачи и вештаци за извршената работа, што остава простор од субјективизам и ризик од зголемени трошоци.

Во Службен весник на Република Македонија бр.115/2010 од 31.08.2010 година, донесен е Закон за вештачење, кој во член 29 го регулира правото на надомест и награда на вештакот за извршената работа, пропишан од Министерот за правда, по претходно мислење од Комората на вештаци. За да може да се примени овој член, Министерот за правда донесе програма за полагање на стручен испит за вештаци и ги формира првите комисии за полагање на истиот (член 44 став 1). Со стекнување на лиценца за вештачење на најмалку 20 вештаци од било која област треба да се формира Основачкото собрание на Комора на вештаци ( член 46 став 1).

6.2. Со одредбите на член 100 од Законот за судовите и одредбите на член 2 од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ број 98/08, 161/08, 6/09 и 150/10) е уредено дека судската служба ја сочинуваат судски службеници, лица вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи и судска полиција. Членот 3 став 2 од Законот за судска служба упатува дека лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат општите прописи за работни односи.

Одредбите на член 109 од Законот за судовите упатуваат дека висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор.

Со одредбите на Законот за судска служба се утврдени системот на плата и надоместоци на судските службеници и судската полиција, за кои Владата на Република Македонија со посебни одлуки ги утврдува вредностите на бодот за платите[1], без притоа да се пристапи и уреди начинот на платите на лицата

[1] Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на припадниците на судската полиција за 2010 година и Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите за судските службеници за 2010 година.

вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи, освен упатувањето на членот 44 од истиот закон, дека платите на овие вработени се во рамките на платите утврдени за административно-техничките судски службеници во зависност од степенот на образованието, работното место на кое се распоредени согласно актот за систематизација и работното искуство.

Отсуството на конкретно уредување на платите на вработените во судовите кои вршат технички и помошни работи предизвикува:

- разноликост во утврдувањето на платите на оваа категорија на вработени (177 вработени во Судската власт односно 5 вработени во Основен суд Охрид) нивно уредување по затекната состојба од претходни периоди, при што од една единка корисник до друга за исто работно место и исто образование се исплаќа различна основна плата без минат труд.
- во секоја единка корисник на средства од Судскиот буџет за исто работно место и исто образование различна основна плата без минат труд;
- нееднаква положба на вработените,

За надминување на утврдената состојба Судскиот буџетски совет во соработка со надлежното министерство потребно е да преземе активности за иницирање на измени и дополнување на законските и подзаконските акти (Законот за судска служба и општиот и гранскиот колективен договор) и утврдување на критериуми за утврдување на платата на овој вид на вработени се до моментот на изменување и дополнување на претходно наведените акти и донесување на акт од страна на Владата на Република Македонија[2] за утврдување на најниската плата.

6.3. Одредбите на член 109 од Законот за судовите упатуваат дека висината на платите и другите надоместоци на судските службеници и другите вработени во судовите се определуваат со закон и со колективен договор и член 3 став 2 од Законот за судска служба кој упатува дека лицата вработени во судовите кои вршат технички и помошни работи немаат статус на судски службеници и за нив важат општите прописи за работни односи, за оваа категорија на вработени потребно е да се почитуваат одредбите на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, ....47/11).

Со одредбите на член 205 став 2 од Законот за работните односи е уредено дека општиот колективен договор за јавниот сектор се применува непосредно и е задолжителен за работодавачите и вработените во јавниот сектор.

Со членот 47 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09) е утврдена

[2] Согласно член 46 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на република Македонија е уредено „За правните лица кај кои финансирањето се врши од средствата на Буџетот на Република Македонија, плата ќе се утврдува со посебен акт донесен од Владата на Република Македонија со еднакви критериуми за сите корисници на Буџетот во кои коефициентите не може да бидат пониски од коефициентите утврдени во член 45 од овој колективен договор“

обврската „Општите колективни договори се усогласуваат со одредбите од овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон" односно најкасно до 4 мај 2010 година, а колективните договори на ниво на гранка, односно оддел и колективните договори на ниво на работодавач се усогласуваат во рок од шест месеци од потпишувањето на општите колективни договори.

До денот на ревизијата не се превземени мерки и активности за:

- усогласување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, а со тоа е оневозможено и
- усогласување на гранските колективни договори и колективните договори на ниво на работодавач, вклучувајќи го и Колективниот договор за државните , правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија;
- утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност најмалку еднаш квартално и нејзино објавување и
- усогласување на одредбите на член 21 од Општиот колективен договор за јавниот сектор во Република Македонија, утврдување на висината на трошоците поврзани со работа и нивно усогласување на годишно ниво со анекс на колективниот договор.

Наведената состојба влијае на можноста за целосно уредување и начинот на остварување на правата и обврските на работниците и работодавачите од работен однос во јавниот сектор на Република Македонија.

6.4. Согласно Законските одредби дискреционо право на судијата е да одреди кои поротници, вештаци и преведувачи ќе бидат вклучени во судската постапка. Од извршената анализа на платените обврски во однос на вкупно регистрираните поротници, вештаци и преведувачи во Основен суд Охрид утврдено е дека не сите подеднакво се ангажирани од страна на Основен суд Охрид.

Ваквата состојба укажува на непостоење на законски или подзаконски акт во кои јасно ќе бидат дефинирани критериуми со кои ќе се овозможи објективен избор и можност за поголема ангажираност на регистрираните поротници, вештаци и преведувачи. Непостоење на вакви законски и подзаконски акти претставува ризик од можен субјективизам при нивниот избор.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност

7.1. Со одредбите на член 108 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" број 58/06, 62/06, 35/08 и 150/10) е утврдено дека средствата за работа на судовите се обезбедуваат со Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија, означен со „Судска власт". Постапката за изготвување, утврдување и извршување на Судскиот буџет е

уредена со одредбите на Законот за судскиот Буџет („Службен весник на Република Македонија“ 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10).

Во постапката на планирање, усогласување и утврдување на средствата за работа на судската власт во Република Македонија во Судскиот буџет, од страна на Судскиот буџетски совет и надлежното министерство (Министерство за финансии), не е постигнато усогласување за потребните средства.

Утврдената состојба влијае да не се обезбедат потребните средства за финансирање на судската власт, кое во пракса предизвикува отежнато финансирање на судската власт.

Наведената состојба предизвикува Основниот суд Охрид со состојба 31.12.2009 година да пренесе неподмирени превземени обврски (за ставките патни и дневни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги и други тековни расходи) во износ од 3.117 илјади денари, односно за 2010 година да му бидат одобрени 9.837 илјади денари (што преставува 13.64% од потребните средства), а истиот да изврши расходи во износ од 9.804 илјади денари и да преземе обврски за 2010 година над одобрениот финансиски план во износ од 5.470 илјади денари, вкупните неподмирени обврски да изнесуваат 5.503 илјади денари (графикон). Оваа состојба укажува на фактот дека Основен суд Охрид за тековната година на располагање за преземените обврски имал само 6.720 илјади денари.

Необезбедувањето на потребните средства за финансирање на судската власт влијае на: условите за извршување на надлежностите на судската власт; нарушување на едно од основното буџетско начело „сеопфатност“ при изготвување, донесување, извршување и известување за извршувањето на Буџетот на Република Македонија и доведување во состојба на раководителот на субјектот да превзема обврски надвор од одобрените средства со финансискиот план, што е спротивно на член 7 став 2 од Законот за буџетите.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за судскиот буџет се предвидува делот на средствата „Судска власт“ во Буџетот на Република Македонија, потребни за функционирање на единките корисници се утврдува во износ од најмалку 0,8% од бруто домашниот производ, со одредена динамика започнувајќи од 2012-2015 година, поради што надлежното министерство и Судскиот буџетски совет потребно е да преземат соодветни мерки и активности за обезбедување на потребните средства и обезбедување услови за функционирање на судската власт.




| | 421 | 423 | 424 | 425 |
|---|---|---|---|---|
| Одобрени средства со Финансиски план за 2010 година | 3.794 | 720 | 248 | 4.180 |
| Реализирани средства во 2010 година | 3.794 | 720 | 248 | 4.180 |
| Неподмирени обврски 31.12.2010 година | 1.440 | 423 | 69 | 3.571 |

*421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт;
*423-материјали и ситен инвентар;
*424-поправки и тековно одржување;
*425-договорни услуги.

7.2. Во текот на ревизијата презентиран е:

- налог за книжење број 01-17 од 13.06.2011 година со кој е извршена корекција на претходно внесените податоци на вредноста на градежните објекти во билансот на состојба односно извршено е зголемување на вредноста на наведените средства и изворите на средствата за износ од 18.093 илјади денари а се однесуваат за несоодветно внесување на податоците за извршено инвестиционо одржување на Основниот суд во рамките на Проектот за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка при Министерството за правда;

- налог за книжење број 01-31 од 16.07.2011 година со кој е извршено зголемување на исправката на вредноста на материјалните средства и намалување на изворите на средствата за износ од 260 илјади денари поради непресметана амортизација на градежните објекти и несоодветно пресметана амортизација на дел од опремата;

- налог за книжење број 01-31 од 16.07.2011 година со кој е извршена корекција на претходно внесените податоци на ревалоризираната набавна вредност и ревалоризираната исправка на вредноста на материјалните средства во билансот на состојба односно извршено е нивно зголемување за износ од 6.792 илјади денари поради несоодветно користење на коефициентот на ревалоризација за опремата односно непресметана ревалоризација на градежните објекти.

Скопје, 15.12.2011 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 58.851 | 56.653 |
| **Вкупно приходи** | **58.851** | **56.653** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 49.047 | 47.522 |
| Стоки и услуги | 9.733 | 9.000 |
| Субвенции и трансфери | 71 | 56 |
| **Вкупно тековни расходи** | **58.851** | **56.653** |
| **Вкупно расходи** | **58.851** | **56.653** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | - | - |
| Активни временски разграничувања | 10.220 | 7.321 |
| Залихи | 430 | 237 |
| **Вкупно тековни средства** | **10.650** | **7.558** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 13.884 | 13.884 |
| Материјални средства | 82.296 | 59.381 |
| **Вкупно постојани средства** | **96.180** | **73.265** |
| **Вкупна актива** | **106.830** | **80.823** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 6.012 | 3.255 |
| Краткорочни финансиски обврски | - | - |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.208 | 4.066 |
| **Вкупно тековни обврски** | **10.220** | **7.321** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 96.610 | 73.502 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **96.610** | **73.502** |
| **Вкупна пасива** | **106.830** | **80.823** |

ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА ВО 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Ред. Бр. | О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (Зал. на мат., рез. делови, сит. инв. и хартии од вредн.) | ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛ.РЕЗЕРВА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 5 (2+3+4) | 7(5+6) |
| | **Состојба и промени на капиталот и резервите** | | | | |
| I | **Состојба на ден 01 јануари 2010** | 73.502 | | 73.502 | 73.502 |
| | **Зголемувања:** | | | - | - |
| | Набавка на постојани средства | | 430 | 430 | 430 |
| | Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 3 | | 3 | 3 |
| | Ревалоризација на амортизацијата (вредн. усогл. на аморт.) | | | - | - |
| | Преотстапени постојани средства | 25.376 | | 25.376 | 25.376 |
| | Вишок по попис | | | - | - |
| | Останати зголемувања (да се спецификира) | | | - | - |
| | | | | - | - |
| | | | | - | - |
| | **Намалувања:** | | | - | - |
| | | | | - | - |
| | Амортизација на постојани средства | 2.701 | | 2.701 | 2.701 |
| II | **Состојба на ден 31. декември 2010** | **96.180** | **430** | **96.610** | **96.610** |